Студиска програма: **МЕНАЏМЕНТ**

Времетраење на студиската програма: **1 година**

ЕКТС кредити: **60**

## Цели на студиската програма

Една од основните цели на програмата за постдипломски студии по менаџмент е да им понуди на кандидатите програма која би едуцирала интегрален, меѓународно признаен профил магистер на економски науки од областа на менаџмент**,** со што би се понудила висококвалификувана работна сила со широки познавања од теоријата и алатките неопходни за водење бизнис во денешната дигитализирана економија. Ова претставува и чекор напред кон олеснувањето на процесот на признавање на дипломите во меѓународни рамки, што е во согласност со определбите на Болоњскиот процес.

Организирањето на програма за постдипломски студии од областа на менаџмент на Економскиот факултет во Прилеп, се наметнува како логична последица на определбата на оваа високообразовна институција за следење на динамиката на промените во глобалниот амбиент, прилагодување кон потребите и барањата на пазарот на кадри, и настојувањето да се оди чекор напред во овој процес – да се креираат и водат клучните процеси во високото образование, потврдувајќи ја со тоа улогата на институција - лидер во рамките на матичниот универзитет.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

**знаења и разбирање**

- интегрирање на претходно стекнатите знаења и искуства од областа на менаџментот на повисоко теоретско и апликативно ниво
- напредни познавања на современите менаџмент концепти
- напредни знаења и вештини поврзани со дизајнирањето и имплементацијата на генерички менаџерски стратегии на ниво на бизнис, како и стратегии на корпоративно ниво
- интегрирани знаења од областа на реализацијата и оптимизацијата на бизнис процесите во организациите
- напредно познавање на методологијата на научно истражувачките проекти и нејзина апликација во менаџерската практика

**примена на знаењето и разбирањето**

- вршење на комплексни анализи на интерниот и екстерниот бизнис амбиент, анализи на конкурентите, како и останати релевантни менаџмент анализи базирани врз научна методологија
- дизајнирање и имплементација на стратегии на ниво на бизнис, како и нивно интегрирање на корпоративно ниво
- реализација на процеси на ревидирање на организациските стратегии
- примена на иновативни и софистицирани ИКТ методи и решенија во менаџерската практика

**способност за проценка**

- способности за вршење комплексни менаџмент анализи
- способности за донесување на менаџерски одлуки со висок степен на сложеност на високите менаџерски нивоа
- способности за самостојно реализирање на научни и апликативни истражувања од областа на менаџментот
- способности за интегрирање на функционалните стратегии во сеопфатна бизнис стратегија, како и повисоки нивоа на организациски стратегии

**комуникациски вештини**

- вештини за ефективна интерна комуникација со вработените и останатите фактори во интерниот амбиент
- напредно ниво на комуникација со релевантните стејкхолдери во доменот на потесниот и поширокиот екстерен бизнис амбиент и градење на долгорочни релации со нив
- напредни вештини на деловно комуницирање и преговарање, како и решавање на организациски конфликти

**вештини на учење**

- нагласено развиено критичко мислење
- способности за селекција и синтетизирање на релевантни менаџерски информации
- примена на комплексни квалитативни и квантитативни методи и модели во процесот на менаџмент одлучување

**<u>Листа на предмети</u>**

**Семестар 1**

*Менаџмент - напредно ниво (10ЕКТС)*

Овој предмет на студентите им овозможува сеопфатен пристап кон ефективниот менаџмент, при што стекнуваат високо специјализирани знаења и вештини од фундаменталните и специфичните менаџмент подрачја на менаџментот.

По завршувањето на овој предмет студентите стануваат способни да донесуваат комплексни менаџерски одлуки на повисоките менаџерски нивоа во организациите, да дизајнираат стратегии на ниво на бизнис и корпоративно ниво, да креираат системи на организациска архитектура компатибилни со дизајнираната стратегија , да делегираат авторитет на пониските менаџерски нивоа, и да ги синхронизираат активностите и текот на информациите на начин кој ќе води кон натамошна операционализација и имплементација на стратегијата.

*Стратегиски иновациски менаџмент (10 ЕКТС)*

Направените истражувања во областа на менаџментот потврдуваат дека иновативните фирми – оние коишто се во состојба да ги искористат иновациите за да ги подобрат нивните процеси или да ги диференцираат своите производи и услуги – ги надминуваат нивните конкуренти, мерени во контекст на пазарното учество, профитабилноста, растот и сл. Сепак, менаџментот на иновациите е исклучително тежок и ризичен процес: повеќето нови технологии не успеваат да бидат преточени во производи и услуги, а додека пак,

многуте нови производи и услуги немаат комерцијален успех. Накратко, иновациите може да ја подобрат конкурентноста, но тоа подразбира различен сет на менаџерско знаење и вештини од оние на секојдневната бизнис администрација. Оттука, по завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаење, компетенции и вештини потребни да ги разберат и менаџираат иновациите на оперативно и стратегиско ниво. Поконкретно, предметот има за цел да го интегрира менаџментот на пазарните, технолошките и организациските промени во насока на подобрување на конкурентноста на фирмите и ефективноста на останатите организации.

*Изборен група 1 (10 ЕКТС)*

*Бизнис моделирање и иновација на процеси (10 ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат заење основите принципи на моделирање и менаџмент со бизнис процесите и нивна корелација со современите трендови на информациските тхнологии. Студентите ќе стекнат знаење за тоа што претставуваат бизнис процесите, како се моделираат, реинжинеринг на бизнис процесите, како и TQM.

*Деловно комуницирање – напредно ниво 10 (ЕКТС)*

Програмата придонесува пред сé  кон развојот на следните општи и специфични компетентности:

- Познавање и разбирање  на социолошките, психолошките и економските законитости и потреби на поединецот  поврзани со основите на комуницирањето и на деловното комуницирање;

- Организирање на активно и самостојно учење на основните принципи на комуницирањето и подготовка на студентите за ефикасно деловно комуницирање

- Вежбање на модели и „играње улоги“ кои се сретнуваат во секојдневните деловни односи;

- Оспособување за пишување на различни видови деловни писма, како и формирање на feedback информации за квалитетот на наученото

- Автономност, (само) критичност, (само)проценување, (само)евалвација и

придонесување за квалитет.
– Комуникациски предности, соработка и тимска работа;.

- Оспособување за квалитетно пишување на животна биографија („curriculum vitae“ – CV)

- Оспособување за квалитетно пишување есеи, семинарски работи и презентации

*Е-бизнис менаџмент (10 ЕКТС)*

Овој предмет има за цел да ја илустрира важноста од стратегискиот е-бизнис и им овозможува на студентите да развијат и оценат е-бизнис стратегии во различни типови окружувања. По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења со кои ќе можат да ја разберат и оценат основната економска важност на е-бизнисот во стратегиски контекст, ќе се запознаат со стратегиските е-бизнис апликации, ќе стекнат компетенции потребни за успешно формулирање, имплементирање и оценување на е-бизнис стратегија.

*Економска глобализација (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предемт студентите ќе стекнат продлабочени и проширени теоретски знаења за појавата, процесите и законитостите на економската глобализација, како и за реалните состојби, проблеми и перспективи во функционирањето на современата глобална економија и глобалниот поредок.

*Е-маркетинг (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за развој и имплементација на нов бизнис модел каде традиционалниот маркетинг ќе користи информациско комуникацики технологии со цел поголема вредност за потрошувачите и зголемување на профитот на компаниите. Новиот бизнис модел за е-маркетинг ќе овозможи зголемување на ефикасноста на традиционалните функции на маркетингот со примена на е –маркетинг стратегии.

*Маркетинг - напредно ниво (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења кои им овозможуваат практичен менаџерски пристап кон маркетингот. Затоа треба да се разбере маркетингот од гледна точка на потрошувачите и граѓаните. Дизајнирање маркетинг менаџмент стратегии за да воспостави рамнотежа меѓу целите и ресурсите на организацијата наспроти потребите и можностите на глобалниот пазар.

*Маркетинг истражување - напредно ниво (10ЕКТС)*

По завршувањто на овој предмет студентите ќе стекнат знаења кои им овозможуваат да:

- спроведат маркетинг истражување за даден проблем;
- ги разберат фазите во процесот на маркетинг истражувањето;
- ги сознаат видовите на репрезентативни примероци;
- ги познаваат одделните методи и модели за применето маркетинг истражување.

*Меѓународен бизнис - напредно ниво (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат  напредни знаења неопходни за успешна интернационализација на бизнисите, односно ќе стекнат способности и вештини за управување со бизнисите и спроведување на соодветни стратегиски и организациски промени неопходни за успешно позиционирање на компаниите во глобалното бизнис окружување.

*Меѓународна трговија (10 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот студентите ќе стекнат знаења за: карактеристиките и динамиката на развој на меѓународната трговија; интеракциите меѓу трговијата и економскиот развој; институционалната рамка и регулирањето на трговијата; инструментите и мерките на трговската политика и нивните импликации врз националните економии.

*Меѓународни бизнис финансии (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмт студентите адекватно теоретско знаење за: значењето на меѓународните финансии како научна дисциплина.

Содржината на овој предмет дава одговор на многу прашања меѓу кои се следниве: како се формираат и кои се основите видови девизни курсеви? како функционира девизниот пазар? Кои се механизмите за корекција на девизните курсеви? Кои се карактеристиките и фазите во развојот на меѓународниот монетарен систем? Видови финансики кризи и нивните последици. Кои се причините за настанување на современите финансиски кризи? Која е улогата на меѓународните финансиски институции во спречување на овие кризи?

*Менаџерска економија (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат продлабочени и проширени теоретски и апликативни знаења од економијата,бизнисот и менаџментот заедно, односно во нивната меѓусебна поврзаност и меѓузависност, а во функција на успешно управување со промените и соочување со бројните и комплексни предизвици на современата економија.

*Менаџмент со финансиски ресурси (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат  продлабочени знаења во врска со финансиската структура и нејзината оптимализација, финансиската ситуација, финансиската и дивидендната политика и нејзините цели и начела, оптимализација на финансирањето преку избор на соодветни извори и правила на

финансирање, како и користење на одделните сегменти на финансиската анализа во донесувањето на квалитетни финансиски и деловни одлуки.

*Организациска култура и деловна етика (10ЕКТС)*

По завршвањето на предметот студентите ќе стекнат знаења кои им овозможуваат:

- да ја рзаберат суштината и значењето на организациската култура
- да ги идентификуваат клучните етички норми во деловното работење
- да се стекнат знаења за имплементирање ефективна организациска култура
- оспособување за градење на корпоративна одговорност
- да ја разберат поврзаноста помеѓу стратегијата на компанијата и стратегијата на градење на оргабизнизациската култура.

*Организациски менаџмент (10ЕКТС)*

По комплетирањето на овој предмет, студентите ќе стекнат напредни знаења и вештини од специфичните подрачја на организацискиот менаџмент наведени во предметната програма.
Исто така, тие ќе го подигнат нивото на знаења и компетенции во поглед на донесувањето на комплексни менаџерски одлуки, креирањето на системи на организациска структура и архитектура, компатибилни со организациската стратегија, како и управувањето со нив.
Клучните компетенции кои тие ги стекнуваат во рамките на овој предмет се директно поврзани со донесувањето на менаџерски одлуки во организациите, менаџмент на организациското однесување, дизајнирањето на организациската структура, архитектура и стратегија, координирање на активностите меѓу одделните нивоа на менаџмент, како и организациони единици и оддели, во насока на оптимизација на организационите перформанси

*Портфолио менаџмент (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат продлабочени знаења во врска со креирањето и одржувањето на оптимално портфолио, проучување на финансиските деривати како ефикасен механизам за зголемување на перформансите на портфолиото и/или за контрола на деловните ризици, вреднувањето на капиталот преку односот меѓу ризикот и приносот, односно мерење на перформансите на портфолиото во функција на ефикасен портфолио менаџмент.

*Претприемништво (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат напредни знаења и вештини од областа на претприемништвото, кои им овозможуваат да ги осознаат

спецификчностите на претприемништвото во малите деловни субјекти во однос на корпоративното претприемништво, преку овој предмет се елаборираат макроекономските и миктоекономските аспекти на претприемништвото исто така се осознава улогата и значењето на претприемништвото за целокупниот општествен развој.

*Ревизија - напредно ниво (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знања кои ќе им овозможат реализација на комплексни научни истражувања и анализи од областа наревизијата на финансиските извештаи, преку примена на стандардни научно – истражувачки методи и синтетизирање на знаења и искуства од оваа област.
Студентите ќе се оспособат да идентификуваат проблеми од областа на ревизијата на финансиските извештаи.
Знаењата и вештините стекнати во рамките на овој предмет,пред сè, се применливи во реализацијата на научни истражувања и анализи, истражувачки проекти, но и во процесот на донесување на комплексни сметководствени одлуки во практиката.

*Современи трендови во бизнис информатиката (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за современите трендови на бизнис информатиката и нивно импелментирање во функционирањето и развојот на компаниите. Со тоа студентите ќе стекнат знаење и вештина за ефикасна и ефективна примена на бизнис софтверските алатки во водењето на бизнис процесите.

*Управување со ризици во банкарството (10 ЕКТС)*

По завршувањто на овој предмет студентите ќе се стекнат со напредни и продлабочени знаења за видовите ризици во банкарското работење, начините на нивното квантифицирање и управување во функција на подобрување на банкарското работење.

*WEB програмирање (10ЕКТС)*

По завршувањто на овој предмет студентите ќе стекнат знаења кои им овозможуваат:

- да развиваат ефективна комуникација со користење на најнови технологии;
- да креираат интерактивни web страни на world wide web;
- да развиваат професионално, клиент-ориентирано однесување кон web дизајнот

*Иновации и интелектуална сопственост (10ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаење за основните концепти за иновации и интелектуална сопственост и нивната применливост за политиките на економски развој. Во делот за иновации, акцентот е ставен врз

изучување на теоретските аспекти на иновациите, градење национална рамка за иновациски систем и иновациска политика, како и глобална евалуација на иновацискиот потенцијал. Во делот за интелектуална сопственост студентите ќе се стекнат со знаења за основите на правото на интелектуална сопственост, видовите права и титуларите на правата. На тој начин тие ќе осознаат како се врши прометот на правата од интелектуална сопственост, а особено значењето и економската вредност на овие права во светот и кај нас. Како резултат на тоа, студентите ќе се оспособат да ги препознаваат секојдневните повреди на овие права како и нивна соодветна заштита.

*Банки и банкарски системи (10 ЕКТС)*

По завршувањто на предметот студентите ќе ги осознаат современите функции на банкарството во контекст на универзализацијата на банките, т.е. диверзификацијата на банкарските активности, како и меѓународното банкарство со неговите разновидни и динамични карактеристики.

Исто така, студентите се запознаваат со регулатива на банкарскиот систем во РМ и во развиените пазарни економии.

*Банкарски менаџмент – напредно ниво (10ЕКТС)*

По завршувањето на предметот студентите ќе стекнат на знаења од областа на современото банкарство и процесот на банкарскиот менаџмент,управувањето со финансискиот и инвестициониот потенцијал на банките, принципите на банкарското работење и анализа на успешното работење на банките

**Семестар 2**

*Лидерство и организациски промени (10 ЕКТС)*

По завршувањто на овој предмет студентите ќе стекнат знаења кои ќе им овозможат успешно менаџирање со промените и да го разберат значењето на ефективното лидерство во тој контекст.

Фокусот е ставен на креирањето способности за планирање на промените, реагирање на иницирани промени, како и за креирање промени и улогата на лидерството во тој контекст.

*Изборен група 2 (5 ЕКТС)*

*Економетрија - напредно ниво*

По завршувањето на овој предемт студентите ќе стекнат знаења за користење на напредните техники на економетриска анализа. При тоа, акцентот е ставен

теоретската заснованост на моделите, како и нивната практична примена во анализата на зависностите помеѓу економските појави во Република Македонија. За таа цел ќе бидат користени современи софтверски пакети како што се *Microfit* и *E-views* со чија помош можат да се оценуваат посложени економетриски модели, а потоа добиените резултати соодветно да се интерпретираат и применуваат во функција на предвидување и донесување на деловни одлуки.

*Интернет технологии – напредно ниво*

По завршувањето на овој предемт студентите ќе стекнат знаења за: инфраструктура на интернет, архитектура на интернет, web технологии, мултимедиски комуникации, web сервиси, пренос на говор преку интернет, сигурност на интернет

*Маркетинг комуникации*

По завршувањето на овој предет стутентите ќе стекнат знаење за важноста на маркетинг комуникациите. Имено, маркетинг комуникациите претставуваат современа, динамична, конкурентна и креативна активност во секојдневното работење и обраќање на компаниите до јавноста.

Во услови на хипер-конкуренција маркетинг комуникациите се одговор на тоа како компаниите можат да бидат конкурентни во своето работење преку воспоставување добри комуникациски врски со потрошувачите и тоа на долг рок.

Маркетинг комуникациите и помагаат на компанијата да ги открие потребите и желбите на потрошувачите и да ги задоволи на најдобар начин. Тие претставуваат долгорочна инвестиција на компаниите.

Интегралните маркетинг комуникации претставуваат процес на управување со сите облици (инструменти) на комуницирање на компанијата со кои се градат долгорочни позитивни односи и релации (релатионсхип) со сите сегашни и потенцијални потрошувачи и сите други актери во маркетинг опкружувањето на компанијата.

*Маркетинг менаџмент – напредно ниво*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за сите матркетинг стратегии што треба да ги имплементираат маркетинг менаџерите за компанијата да може да ги исполни маркетинг плановите со цел да се постигне она што е поставено како цел на компанијата.

*Менаџерско сметководство - напредно ниво*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат продлабочени знаења во врска со употреба на сметководствените информации за планирање и контрола на деловните активности и прилагодување на сметководствените информации при донесување специфични менаџерски одлуки, постигнување оптималност во користењето на ресурсите и генерирање вредности, преземање чекори за подобрување на ефикасноста на процесите за да се остварат позитивни финансиски резултати и да се одржи конкурентска предност на пазарот.

*Менаџмент информациски системи*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења за информациските ситеми кои ги подржуваат соодветните менаџерски нивоа, како и за различните класи на информациски системи во зависност од менаџерските потреби и излезни решенија. Студентите ќе стекнат знаења за причините зошто организациите инвестираат во информациските системи и технологии, начинот на којшто современата инфраструктура и архитектура на информациските системи и технологии го трансформираат бизнисот, како и да стекнат знаења и вештини во управувањето со информациските системи. Исто така ќе се стекнат знаења и вештини за постоечките и новите апликации за примена во организациите, нивната интеграција врз основа на соодветни сервисните платформи, нивните можности и предизвици за постигнување на стратегиските бизнис цели: трансформација на постоечките и креирање на нови процеси, нови производи и услуги, соработка со купувачите добавувачите и останатите деловни партнери, и зголемување на конкурентската предност, како и за неопходните организациски промени коишто треба да се направат за нивна имплементација, се со цел зголемување на ефикасноста на традиционалните менаџмент функции и стратегии во бизнисот.

*Менаџмент на мали и средни бизниси*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења: за процесите на менаџирање на мали и средни бизниси, како и стратегијата и тактиката која може да се употреби за значително функционално подобрување на бизнисите; да ги идентификуваат различните технички формалности поврзани со водењето на мал бизнис; да ја дефинираат улогата и животниот стил на еден претприемач во денешниот начин на егзистирање; да ги детерминираат бенифициите кои може да се стекнат од процесот на адекватно планирање на малите и средните бизниси.

*Монетарна економија - напредно ниво*

По завршувањето на овој предметстудентите да стекнат продлабочени знаења за монетарните теории, движењето на монетарните агрегати, факторите што ја детерминираат понудата и побарувачката за пари, целите и инструментите на монетарната политика, улогата на банките во трансмисијата на монетарната политика, како и за карактеристиките и специфичностите на банкарскиот систем во Република Македонија.

*Пазар на капитал и финансиски институции*

Поаѓајќи од фактот дека финансиските пазари  и институции претставуваат основен предуслов за функционирањето на секое пазарно стопанство, целта на овој предмет е запознавање на студентите со нивното значење, улога и функции, основните сегменти на финансиските пазари (пазарот на капитал, пазарот на пари и девизниот пазар), како и нивната организациска поставеност, законската регулатива, учесниците и финансиските инструменти со коишто се тргува на финансиските пазари.

*Право на Европска унија*

Европската унија од поодамна, а посебно денес е интересна заедница на државите од Европа, а посебно е интересна од аспект на економијата на државите. Република Македонија се определи да биде членка на Унијата поради што предметот е актуелен. По завршувањето на предметот срудентите ќе стекнат знаења за  сите донесени правни акти од страна на Унијата што се однесуваат на економските движења во државите, а посебно на економскиот развој на државите. Посебно се изучуваат правните документи што се однесуваат на развојот на економијата и органите што ги носат тие документи.

Во предметот се изучуваат правно економските документи донесени на ниво на договори, декларации директиви и сл. што директно влијаат на политичкиот и економскиот систем на Европската унија, посебно документите коишто се однесуваат за економскиот и политичкиот развој на Република Македонија вклучувајќи ги и правните документи што треба република Македонија да ги усвои за да се доближи до Унијата.

Со совладувањето на оваа материја на студентите им се овозможува да се стекнат со знаења и вештини што ќе им бидат потребни да станат активни учесници во процесот на зачленување на РМ во ЕУ.

*Проектен менаџмент - напредно ниво*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат знаења кои им овозможуваат:

1. да го научат концепт – проект
2. да ги знаат групите процеси во проектниот менаџмент
3. да знаат која е улогата на проектниот менаџер
4. да знаат да менаџираат со обемот, времето, трошоците, комуникацијата, квалитот и ризиците на проект и да знаат да употребуваат ИКТ алатки во менаџирањето со проекти

*Стратегиски менаџмент - напредно ниво*

Овој предмет на студентите им овозможува низ едно повисоко ниво на елаборација и практичен пристап да го разберат процесот на стратегиски менаџмент и да ги согледаат начините како организациите го користат овој процес во справување со конкуренцијата со цел да остварат конкурентска предност.

*Управување со обртни средства*

По завршувањто на овој предмет студентите ќе стекнат научни сознанија во врска со управувањето со вкупните и одделните облици на обртни средства и тоа преку примена на современи методи, утврдување на критериуми за оптимализација на обртните средства и идентификување на причините за отстапување од оптималната големина и структура и избор на оптимални извори за нивно финансирање.

*Финансиско сметководство - напредно ниво*

По завршувањето на овој предмет студентите да се стекнат со знаења за улогата и значењето на финансиското сметководство, од аспект на специфичностите на организирање на сметководствениот процес, поделбата и користењето на средствата и нивната сметководствена евиденција. Исто така, студентите практично ќе се едуцираат за изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со МСС со цел да се обезбеди унифицираност, хармонизираност и компатабилност на истите на главен производ на финансиското известување во функција на различните категории на корисници на финансиски информации.

*Инвестициско банкарство*

По завршувањето на овој предмет студентите ќе стекнат продлабочени знаења за функционирањето на пазарот на капитал, карактеристиките на одделни институционални инвеститори и посредници, улогата и значењето на

инвестициските банки, функциите на инвестициските банки на пазарот на капитал, со посебен акцент на перспективите за развој на инвестициското банкарство во Република Македонија.